**Влада на Република Северна Македонија**

З А П И С Н И К
од Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија
Македонија, одржана на 31 декември 2024 година

Скопје, декември 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија Македонија, одржана на 31 декември 2024 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска - Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Хасим Муртезани.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 29-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 ноември и 2024 година

- Усвојување на Записникот од 39-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември и 2024 година

1. Барање за одобрување на работењето на Надзорниот и Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за склучување на Анекс 7 кон Договор солемнизиран под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со прилози и предлог-одлуки

2. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и седма одлука)

3. Информација за реализација на проектот – Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник

4. Предлог – одлука за давање на времено користење на движна ствар на Државно правобранителство на Република Северна Македонија

5. Информација за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година, со Извештај на независниот ревизор и Предлог – одлука

6. Информација за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година, со Извештај на независниот ревизор и Предлог – одлука, со дополнување

7. Информација за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје за 2023 година, со дополнувања и Предлог-одлука

8. Информација за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2023 година, со прилози и предлог-одлуки

9. Извештај за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2023 година, со дополнувањата

10. Годишен извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година, Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година, финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити на 31.12.2023 година, со предлог – одлуки

11. Предлог - одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово (училиште „Иго Тричковиќ“)

12. Предлог - одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово (Месна заедница Бедиње)

13. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Месна заедница Умин Дол)

14. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Гимназија „Гоце Делчев“)

15. Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Тромеѓа)

16. Предлог - одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово (Месна заедница Банево трло)

17.Предлог - одлука за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (училиште Толи Зордумис)

18. Предлог - одлука за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово (Основно училиште Скачковце)

19. Предлог - уредба за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година

20. Информација за реструктуирање на компонентите и продолжување на крајниот рок за завршување на проектот за модернизација на земјоделството финансиран од заем од Меѓународната банка за реконструкција и развој - Светска банка, со Прилог

21. Информација во врска со изградба на девијација на регионален пат Р 1108, врска помеѓу Гевгелија – Конско – Смрдлива Вода – СЦ Кожув

22. Информација во врска со Барањето за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, со прилози и Предлог-одлука

23. Информација за статус на нереализирани исплати по пристигнати фактури, произлезени од веќе склучени договори за ангажирање и издадени полномошна за застапување на Република Северна Македонија, во врска со поведени арбитражни постапки и работата на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори

24. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Министерството за внатрешни работи, со Предлог – одлука

25. Предлог - одлука за предвремена примена на изменувањето и дополнувањето на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила за потекло, изменета со Одлуката бр.2/2024 на Заедничкиот комитет на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила на потекло од 12.12.2024 година за изменување и дополнување на Одлуката бр.1/2023 на Заедничкиот комитет со цел вклучување преодни одредби на измените на Регионалната конвенција за Паневро-медитерански преференцијални правила за потекло кои се применуваат од 1 јануари 2025 година и Предлог – одлука за предвремена примена на изменувањето и дополнувањето на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила за потекло, изменета со Одлуката бр.1/2024 на заедничкиот комитет на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила на потекло од 12.12.2024 година за изменување и дополнување на Одлуката бр.1/2023 на заедничкиот комитет во однос на употребата на уверенија за движење издадени по електронски пат во рамките на Регионалната конвенција за Паневро-медитерански преференцијални правила за потекло што се применуваат од 1 јануари 2025 година

26.Предлог – одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Желино

27. Предлог – одлука за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Камен Дол“ Општина Росоман на Друштвото за геолошки работи Геотехника ДООЕЛ Штип

28. Предлог – одлука за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за информатичко општество и администрација

29. Предлог на закон за изменување на Законот за регистар на задолжително социјално осигурување

30. Предлог на закон за изменување на Законот за семејството

31. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита

32. Информација за извршените преговори за склучување на Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство на Република Словачка за соработка во областа на здравството и медицината, со усогласен текст на Меморандум

33. Информација за одземање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство и трговија РСБ Солутионс ДООЕЛ Карбинци, со Предлог-одлука

34. Информација со иницијатива за задолжување со цел енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и реконструкција на државни училишта за ученици со посебни потреби

35. Информација за потребни услови за воспоставување на центри за професионална и стручна рехабилитација (РЕХА центри)

36. Информација за формирање на Национално координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област, со Предлог-одлука и Предлог-решение

37. Информација во врска со реализацијата на проектот за реконструкција на објектот Универзална сала во Скопје

38. Информација во врска со реализацијата на проектот Изградба на „Стариот театар“ во Струмица

39.Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“- Скопје

40. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Градска општа болница „8 Септември“ – Скопје

41. Предлог - одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за дигестивна хирургија – Скопје

42. Предлог - одлука за преземање на основачките права и обврски над Средното општинско училиште „Коле Нехтенин“, Штип

43. Предлог - одлука за преземање на основачките права и обврски над Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов“, Битола

44. Информација за ревидирање на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

45. Информација во врска со потребните задачи и активности кои треба да се преземат од страна на министерот без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022 – 2030

46. Информација за назначување на национален координатор и за формирање на национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030

47.Предлог – одлука за одобрување на средства од буџетот на Министерството за образование и наука за 2025 година

48. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување за 2025 година и Одлуката за висината на месечниот надомест што го наплатува Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување од пензиските друштва за 2025 година, со Предлог – одлука

49. Иницијатива Миа Георгиевска, адвокат од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.231/2024 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 93 од Законот за изменување и дополнување на Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.236/22)

50. Понуда од нотар Тодор Бошковски од Тетово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.592 за КО Тетово 3, на КП бр.11768, викано место/улица „Град“ и Имотен лист бр.34999 за КО Тетово 3, на КП бр.11768, викано место/улица „В.Ц.Трена бр.20 - Тетово“

51. Понуда од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 67602, за КО Маџари, на КП бр. 1134/2, викано место/улица „ул.840 бр.11“ и Имотен лист бр. 6674, за КО Маџари, на КП бр. 1134/2, викано место/улица „ул.840“

52. Понуда од нотар Александра Петровска Ангеловска од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 10960, за КО Битола 3, на КП бр.16205, викано место/улица „Т. Даскалов“ и Имотен лист бр. 26639, за КО Битола 3, на КП бр.16204, викано место/улица „Т. Даскалот 77“

53. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.93533 и Имотен лист бр.93101 за КО Охрид 1, викано место „Крали Марко“, на КП бр.7361/3

54. Понуда од нотар Богданка Бакаловска од Ресен, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 508, за КО Горна Бела Црква, на КП бр. 72, место викано „Евла“

55. Понуда од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 103476, за КО Штип 3, на КП бр. 3435/1 и КП бр. 3435/3 викано место „Дузлак“

56. Понуда од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 100058, за КО Караорман, на КП бр. 1624, викано место „Село“

57. Понуда од нотар Лидија Симонова Трајчева од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.58 за КО Прналија, на КП бр. 13/3, викано место „Ортабрун“, КП бр. 15/2, викано место „Јележник“, КП бр.17/3, викано место „Ортабрун“, КП бр.27/2, викано место „Дариере“,КП бр.27/3, викано место „Дариере“ и КП бр. 8/2, викано место „Сиврија“

58. Понуда од нотар Јасмина Карталова Баснаркова од Тетово, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 101021 за КО Тетово 3, на КП бр.12733, викано место/улица „Град“

59. Понуда од нотар Божидар Вангелов од Гевгелија, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 2609 за КО Богданци и Имотен лист бр. 100204 за КО Богданци, на КП бр. 10226, викано место/улица „Град“

60. Понуда од нотар Маринчо Велјановски од Битола, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 98245 за КО Битола 3, на КП бр. 13735 викано место/улица „Кленовец“

61.Кадровски прашања

62.Прашања и предлози

63. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2023 година

64. Информација во врска со реализацијата на проектот – Реконструкција на објектот на НУ Музеј на Македонија

65. Информација за учество на Седумнаесеттата европска платформа за инклузија на Ромите, одржана на 2 октомври 2024 година во Брисел и состанок со Марта Фидалго Гарција, советник за интеграција на Ромите при Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување

66. Информација во врска со Полугодишниот финансиски и оперативен извештај за периодот јануари-јуни 2024 година за „Меѓународниот аеродром Скопје“ и „Св. Апостол Павле“ – Охрид на ТАВ Македонија, со прилог

67. Информација во врска со ангажирање на квантен експерт во арбитражната постапка поведена од страна на Amadeus Group and Amadeus Development DOOEL v.Република Северна Македонија (ICSID Case No.ARB/23/35) пред Меѓународниот центар за решавање на инвестициски спорови (ICSID), со прилози

68. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија за периодот јули – септември 2024 година, со дополнување

69. Полугодишен извештај за реализација на програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој финансирани од Буџетот на Република Северна Македонија и ИПАРД Програмата за 2024 година

70. Информација за работењето на Трговското друштво „Нафтовод“ ДООЕЛ Скопје во второто тримесечје на деловната 2024 година, со Финансиски извештај, со дополнувањето

71. Полугодишен извештај за износот и бројот на одобрени кредити од Посебниот кредитен фонд (ПКФ), Ковид 1 кредитната линија и кредитната линија за поддршка на трговски радиодифузни друштва од областа на емитувањето на радио и телевизиски програми, за износот и бројот на одобрени кредити, состојбата на сметките и наплатата кај кредитната линија од компензациските

фондови и Ковид 2 кредитната линија, за износот и бројот на одобрени кредити и за состојбата на салдото на сметката кај кредитната линија за поддршка на микро и мали претпријатија со можност за грант компонента (Ковид 3 кредитна линија) и за износот и бројот на одобрени кредити, како и за состојбата на салдото на сметката од Фондот за финансиска поддршка и поддршка на ликвидноста (Ковид 4 кредитна линија), со Прилог

72. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (56 одлука)

73. Предлог – одлука за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (58 одлука)

74. Предлог-уредба за Методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во териториjалните противпожарни единици за 2025 година

75. Предлог-уредба за управување со јавни инвестиции

76. Предлог - одлука за изменување на Одлуката за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од надлежност на Министерството за социјална политика, демографија и млади

77. Предлог - програма за развој на дејноста за заштитата на децата за 2025 година

78. Предлог - програма за остварување на социјалната заштита за 2025 година

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Дваесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, оддржана на 5 ноември 2024 година и Записникот од Триесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември 2024 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Барањето за одобрување на работењето на Надзорниот и Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за склучување на Анекс 7 кон Договор солемнизиран под ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, за продолжување на рокот за исплата на заем склучен помеѓу Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје и АД МЕПСО – Скопје, со прилози и предлог-одлуки, го усвои и ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

2. Одлуката за одобрување на работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

**Точка 2**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта (педесет и седма одлука) и условно ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот – Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност и мислење за оправданоста и продолжување со реализација на проектот - Возобновување на Светиклиментовиот универзитет на Плаошник.

2. Се задолжува Управата за заштита на културното наследство при евентуална постапка за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година да побара износ на дополнителни средства потребни за реализација на Проектот.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Предлог – одлуката за давање на времено користење на движна ствар на Државно правобранителство на Република Северна Македонија и ја донесе Одлуката за престанок и давање на времено користење на движна ствар на Државно правобранителство на Република Северна Македонија (усогласена со Секретаријатот за законодавство).

## Точка 5

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година, со Извештај на независниот ревизор и Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на консолидирана ревидирана Годишна сметка и консолидирани ревидирани финансиски извештаи на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за период од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година.

## Точка 6

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, за период од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година, со Извештај на независниот ревизор и Предлог – одлука, со дополнување, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одобрување на ревидираната Годишна сметка, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, за период од 1 јануари 2023 година до 31 декември 2023 година.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје за 2023 година, со дополнувањата и Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за распределба на добивката на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост–Скопје за 2023 година.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост-Скопје за 2023 година, со прилози и предлог-одлуки, ја усвои и ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2023 година.

2. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна

сопственост - Скопје за 2023 година (Шеваљ Цеку - извршен член на Одборот на директори).

3. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2023 година (Јасна Оровчанец - Аранѓеловиќ – претседател на Одборот на директори).

4. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2023 година (Сања Цековска - неизвршен член на Одборот на директори).

5. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2023 година (Доган Тахир- неизвршен член на Одборот на директори).

6. Одлуката за одобрување на работењето на членот на Одборот на директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор, во државна сопственост - Скопје за 2023 година (Сандра Стаменковска - неизвршен член на Одборот на директори).

<u>Точка 9</u>

Владата го разгледа и усвои Извештајот за реализирана Годишна програма за работа на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија за 2023 година, со дополнувањата и заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по однос на точка 6 – Спроведување на интерна проверка и точка 7 - Преиспитување на раководството, кои се составен дел од Извештајот, со цел да се утврди фактичката состојба за досегашното работење на Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.

<u>Точка 10</u>

Владата ги разгледа Годишниот извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година, Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година, финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити на 31.12.2023 година, со предлог – одлуки и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година.

2. Ја донесе Одлуката за потврдување на Одлуката за распоредување на нето добивката на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово (училиште „Иго Тричковиќ“)

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово (Месна заедница Бедиње).

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Месна заедница Умин Дол).

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Гимназија „Гоце Делчев“).

**Точка 15**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (Тромеѓа).

**Точка 16**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово (Месна заедница Банево трло).

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување на недвижна ствар во сопственост на Општина Куманово (училиште Толи Зордумис)

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Куманово (Основно училиште Скачковце).

**Точка 19**

Владата ја донесе Уредбата за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го има предвид укажувањето на Министерството за финансии, односно фискалните импликации за 2025 година да се предвидат во уредбата за поблиски критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година и програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за реструктуирање на компонентите и продолжување на крајниот рок за завршување на проектот за модернизација на земјоделството финансиран од заем од Меѓународната банка за реконструкција и развој - Светска банка, со Прилог и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна до 15 јануари 2025 година, до Меѓународната банка за реконструкција и развој - Светска банка, да испрати писмо со барање и акциски план за реструктуирање на компонентите на проектот за модернизација на земјоделството и продолжување на крајниот рок за завршување на проектот до 31 декември 2027 година.

2. Се задолжува Министерство за транспорт, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, најдоцна до 31 јануари 2025 година, да идентификува нова парцела во државна сопственост за изградбата на централна единица–објект за процесирање на нус-производи од животинско потекло, согласно пропишаните критериуми од проектната документација и за истото да ја извести Владата.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ги имплементира активностите согласно ревидираниот план на проектот за модернизација на земјоделството и за напредокот во спроведувањето да ја информира Владата најмалку два пати во годината, почнувајќи со извештајот за периодот јануари 2025–јуни 2025 година, кој треба да биде доставен до Владата најдоцна до 30 јуни 2025 година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изградба на девијација на регионален пат Р 1108, врска помеѓу Гевгелија – Конско – Смрдлива Вода – СЦ Кожув и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за изградба на државниот пат - девијација на регионален пат Р 1108, врска помеѓу Гевгелија – Конско – Смрдлива Вода – СЦ Кожув.

2. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја продолжи постапката за добивање на одобрение за градење за девијација на регионален пат Р 1108, врска помеѓу Гевгелија – Конско – Смрдлива Вода – СЦ Кожув.

3. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство по изградбата на државниот пат, истиот да го запише во сопственост на Република Северна Македонија.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш, со прилози и Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за давање согласност за присоединување на Друштвото за производство, трговија и услуги увоз-извоз Боров дол ДООЕЛ Радовиш кон Друштвото за производство, трговија и услуги Бучим ДООЕЛ Радовиш.

2. Се овластува м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да потпише Анекс на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - бакар на локалитетот „Боров Дол“, Општина Конче, Општина Радовиш и Општина Штип бр.24-5737/1 од 17.10.2016 година и бр.24-1274/5 од 6.7.2023 година, во рок од 60 дена по добиено известување до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини за извршена статусна промена во Централен регистар на Република Северна Македонија.

## Точка 23

Владата ја разгледа Информацијата за статус на нереализирани исплати по пристигнати фактури, произлезени од веќе склучени договори за ангажирање и издадени полномошна за застапување на Република Северна Македонија, во врска со поведени арбитражни постапки и работата на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ги потврди и одобри пристигнатите и доспеани фактури од страна на меѓународни адвокатски куќи за застапување на Република Северна Македонија, а произлезени од работата на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори.

2. Се задолжува Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, да ги потпише налозите за плаќање на 13 (тринаесет) пристигнати и доспеани фактури од страна на меѓународни адвокатски куќи за застапување на Република Северна Македонија, а произлезени од работата на Координативното

тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори и тоа:

- Фактура број 1100-24-01837, доставена од адвокатската куќа WHITE & CASE во врска со арбитражен предмет Артем Скубенко, Валентин Дрозденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомскии, Игор Компанец, Сергии Надиеждин и Володимир Скубенко, како тужители против Република Северна Македонија, како тужена страна (Казандол), во износ од 992,089.85 USD, за период од 1.11.2023 до 29.2.2024 година;

- Фактура број 1100-24-02859, доставена од адвокатската куќа WHITE & CASE во врска со арбитражен предмет Артем Скубенко, Валентин Дрозденко, Анатолиј Семинога, Игор Переверзев, Артем Кадомскии, Игор Компанец, Сергии Надиеждин и Володимир Скубенко, како тужители против Република Северна Македонија, како тужена страна (Казандол), во износ од 269,634.37 USD, на име дополнителни трошоци за сведоци и вештаци/експерти од областа во постапката, а во врска со одржано усно рочиште во Лондон, Велика Британија, во октомври 2023 година;

- Фактура број 20001867, доставена од адвокатската куќа THREE CROWNS LLP во врска со арбитражен предмет Групација Амадеус и Амадеус Девелопмент ДООЕЛ против Република Северна Македонија, во износ од 75,303.00 EUR, за период од 14.11.2023 до 31.3.2024 година;

- Фактура број 20001869, доставена од адвокатската куќа THREE CROWNS LLP во врска со арбитражен предмет FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia, во износ од 91,352.00 EUR, за период од 9.11.2023 до 31.3.2024 година;

- Фактура број 20001894 доставена од адвокатска куќа THREE CROWNS LLP во врска со арбитражен предмет FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia во износ од 23,257.00 EUR, за период од 1.4 до 30.4.2024 година;

- Фактура број 20001946, доставена од адвокатската куќа THREE CROWNS LLP во врска со арбитражен предмет FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia, во износ од 40,146.93 EUR, за период од 1.5 до 31.5.2024 година;

- Фактура број 20001947 доставена од адвокатска куќа THREE CROWNS LLP во врска со арбитражен предмет FCL Ambiente S.r.l. v. Republic of North Macedonia во износ од 101,928.00 EUR, за период од 1.6 до 30.6.2024 година;

- Фактура број 20001893 доставена од адвокатска куќа THREE CROWNS LLP во врска со арбитражен предмет Групација Амадеус и Амадеус Девелопмент ДООЕЛ против Република Северна Македонија во износ од 7,656.00 EUR, за период од 1.4 до 30.4.2024 година;

- Фактура број 20001945 доставена од адвокатска куќа THREE CROWNS LLP во врска со арбитражен предмет Групација Амадеус и Амадеус Девелопмент ДООЕЛ

против Република Северна Македонија во износ од 6,216.36 EUR, за период од 1.5 до 31.5.2024 година;

- Фактура број 20001944 доставена од адвокатска куќа THREE CROWNS LLP во врска со арбитражен предмет Групација Амадеус и Амадеус Девелопмент ДООЕЛ против Република Северна Македонија во износ од 4,560.00 EUR, за период од 1. 6 до 30.6.2024;

- Фактура број 1100-24-02582 доставена од адвокатската куќа WHITE & CASE во врска со арбитражен предмет поведен од страна на Inso Sistemi Per Le Infrastrutture Sociali S.P.A In Amministrazione Straordinaria (Република Италија) против Министерство за здравство на Република Северна Македонија, во износ од 306,527.40 USD, за период од 11.10.2023 до 29.2.2024 година;

- Фактура број 1100-24-03902 доставена од адвокатската куќа WHITE & CASE во врска со арбитражен предмет поведен од страна на Inso Sistemi Per Le Infrastrutture Sociali S.P.A In Amministrazione Straordinaria (Република Италија) против Министерство за здравство на Република Северна Македонија, во износ од 375,244.89 USD, за период од 1.3.2024 до 31.3.2024 година;

- Дел од фактура број 3676515 доставена од адвокатската куќа Mc. Dermott Will&Emery, а во врска со арбитражен предмет заведен под број PCA 2019-09 поведен од страна на Блажо Тасев како тужител против Република Северна Македонија во износ од 182,456.06 EUR, за период од 1.4.2022 до 31.5.2022 година.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Министерството за внатрешни работи, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за внатрешни работи.

## Точка 25

Владата ги донесе:

1. Одлуката за предвремена примена на изменувањето и дополнувањето на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила за потекло, изменета со Одлуката бр.2/2024 на Заедничкиот комитет на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила на потекло од 12.12.2024 година за изменување и дополнување на Одлуката бр.1/2023 на Заедничкиот комитет со цел вклучување преодни одредби на измените на Регионалната конвенција за Паневро-медитерански преференцијални правила за потекло кои се применуваат од 1 јануари 2025 година.

2. Одлуката за предвремена примена на изменувањето и дополнувањето на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила за потекло, изменета со Одлуката бр.1/2024 на заедничкиот комитет на Регионалната конвенција за Паневро-медитеранските преференцијални правила на потекло од 12.12.2024 година за изменување и дополнување на Одлуката бр.1/2023 на заедничкиот комитет во однос на употребата на уверенија за движење издадени по електронски пат во рамките на Регионалната конвенција за Паневро-медитерански преференцијални правила за потекло што се применуваат од 1 јануари 2025 година.

**Точка 26**

Владата ја донесе Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Желино.

**Точка 27**

Владата ја донесе Одлуката за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Камен Дол“ Општина Росоман на Друштвото за геолошки работи Геотехника ДООЕЛ Штип.

**Точка 28**

Владата ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижна ствар на Министерството за информатичко општество и администрација.

**Точка 29**

Владата на предлог на предлагачот го одложи од разгледување Предлогот на закон за изменување на Законот за регистар на задолжително социјално осигурување, за наредната седница на Владата.

**Точка 30**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за семејството, го утврди и заклучи согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, а за повереници Фатмир Сабриу, државен секретар во Министерството за социјална политика, демографија и млади и Вера Ристовска, раководител на сектор во Министерството за социјална политика, демографија и млади.

## Точка 31

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, го утврди и заклучи, согласно член 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, да се достави до Собранието.

